ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
ASSOCIATION OF MASEDONIANS IN REPUBLIC OF CROATIA

CROATIA, ZAGREB, MASARYKOVA 16/1, ☎ +385 1 48 72 655, ☎/FAX +385 1 48 72 655
Žiro račun: 2340009-1100038804

Урброј: ЗМ - 49-0 /2003
Загреб, 15.09. 2003.

# ЗАПИСНИК

од **17-тата седница** на Управниот одбор на Заедницата која се одржа на ден **15.09.2003.** г. со почеток во 11,20 часот во просториите на Заедницата во Загреб.

Присутни: Илија Христодулов - МКД Илинден -Риека -претседател на Заедницата, Анастас Оџаклиески -МКД К. Мисирков -Загреб, Тања Јовановска - МКД Биљана - Задар, Ратко Димовски -МКД К. Рацин -Пула (по полномоштво на претседателката С. Сагадин), Благоја Јовановски - МКД Б. Миладиновци -Осиек, Иван Качуров - Загреб, Ксенија Јурановиќ - МКД Македонија -Сплит, Нилола Гроздановски - секретар (кој во работата на седницата се вклучи по 30,00 минути од нејзиниот почеток) и Анка Рабузин - админ. секретарка на Заедницата.

Седницата ја водеше претседателот на Заедницата и претседател на Управниот одбор -Илија Христодулов.
По утврдувањето дека на седницата присуствува доволен број на членови за донесување на правно важечки одлуки, претседателот го прочита предложениот дневен ред. По спроведената дискусија со јавно гласање, членовите на УО **едногласно го прифатија предлогот на претседателот** и седницата ја продолжи работата по следниов:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на записникот од 16-тата седница.

2. Разгледување на новонастанатата состојба во врска со личностите за застапување на Заедницата и донесување на одлуки по истото прашање.

3. Донесување на одлука за трансфер на средствата.

4. Анализа на активностите од претходната седница до денес.

5. Договор за активностите кои би се одржале до наредната седница на УО.

6. Разно.

**Ад. 1.** По спроведената дискусија, со јавно гласање членовите на УО **едногласно го усвоија записникот од 16-тата седница.**

**Ад. 3.** А. Рабузин изнесе рекапитулација на средствата планирани и примени во 2003 год. од страна на Советот, со посебен осврт на средствата за културен аматеризам -прилог (истиот поделен на членовите на УО). Нагласено е дека од страна на друштвата од Задар (3.600 куни) и Сплит ( 3.500 кн) платени се рачуните за превозот на членовите за присуство на култ. ман. 100 год. Илинден за што истите доставија документи во Заедницата пред почетокот на седницата. Потребно е наведените средства да се рефундираат на тие друштва. А. Оџаклиески нагласи дека друштвото од Загреб има остварено многу програми и дека уште некои претстојуваат, па затоа, нагласи тој дека треба при расподелувањето на средствата да се гледа према остварените програми. Р. Димовски истакна дека друш. од Пула исто има многу програми остварено и нагласи дека за изложбата по повод Илинден имале околу 7.000 кн. трошкови, и дека имаат уште програми за реализирање.
Б. Јовановски ѓи наброја остварените програми на друшт. од Осиек нагласувајќи дека сега се во припрема на маниф. -Денови на мак. култура. Тој потсети дека треба да се има во предвид тоа што е предвидено за финансирање од страна на Советот, тоа да се и реализира. Т. Јовановска за друшт. од Задар нагласи дека сега се во припреми за реализација на изложба и промоција на книги. К. Јурановиќ за друшт. од Сплит нагласи дека припремаат литературна и ликовна вечер и др. активности, а членовите на УО нагласија дека тоа друштво треба повеќе да се ангажира и дека треба да ги реализира програмите што се одобрени за финанс. од страна на Советот. По завршената дискусија, членовите на УО се **сложија да трансфер на средствата за 08/2003 биде извршен на следниов начин:** МКД К. Мисирков -Загреб: 6.000 кн, МКД Б. Миладиновци -Осиек: 4.000, МКД Илинден -Риека: 4.000, МКД К. Рацин -Пула: 4.000, МКД Македонија -Сплит: 3.500 кн рефундирање на средствата за платен рачун плус 2.000 кн трансфер и МКД Биљана -Задар: 3.600 кн само рефундирање на средствата за платен рачун.

**Ад. 4.** По оваа точка на дн. ред членовите на УО водеа дискусија за култ. манифестација -100 години Илинден одржана во Самобор на 02. август годинава. Претседателот нагласи дека во почетокот не се знаеше со кои средства ќе биде финансирана таа манифест. По упатениот допис до Уредот и телеф. разговор дознавме дека средствата ќе бидат во висина од 50.000 куни. Во меѓувреме и писмено за тоа од Советот е примено решение по кое УО на претходната седница одлучи таа маниф. да се реализира во износ на тие средства.
За остварените трошкови за таа маниф. извештај поднесе А. Рабузин -прилог (истиот поделен на членовите на УО) нагласувајќи дека сите рачуни се разгледани од страна на Н. Гроздановски и А. Оџаклиески на ден 12. септември 2003. и дека на тој состанок не присуствовала В. Хузјан (известена претходно за тоа) и дека А.Рабузин на истиот состанок известила за сите потешкотии во работењето со В. Хузјан која не предала потполн материјал како било договорено. Помеѓу другото и тоа што од страна на В. Хузјан не е доставен попис на донатори за таа манифестација и спецификација на донираните средства, а истиот планиран да се објави во наредниот бр. на Мак. глас. Нагласено е дека трошковите за превоз на членовите од Риека (два автобуса) се подмирени од страна на Град Риека и Приморко Горанската жупанија и тоа во вкупен износ од 5.400 кн. По овој извештај вкупните трошкови за оваа ман. би изнесувале 50.509,48 кн. доколку би бил платен рачунот на Рото промет за конзумација на пијалок во износ од 3.762,34 кн. Во врска со тој рачун А. Оџаклиески нагласи дека е спорен од причина што во текот на припремите на маниф. било збор да тоа биде донација и предложи најпрвин истиот

да се испита со што би се испратил допис до таа фирма -прилог. Членовите на УО го прифатија тој предлог и со јавно гласање **едногласно го усвоија извештајот за реализираните трошкови на таа манифестација.**

Дискусијата во која учествуваа сите присутни на седницата во понатамошниот тек се водеше по темата на организацијата и целосната реализација на програмата.

Беа поставени прашања за настапот на ансамблот Тоска и муз. група Боеми, дуетот Селимова- Желчески, како и за капите направени по тој повод. Претседателот изјави дека ансамблот Тоска се понуди сам за настап и би било штета тоа да не се прифатеше. А.Оџаклиески изјави дека на претходниот состанок исто беше зборувано за програмата и тоа помеѓу другото и за настапот на Боеми и за настапот на Селимова Желчески. Р. Димовски истакна дека дуетот С.-Ж. дојдоа како членови на друштвото од Пула и дека тие како многу познат дует со тоа што настапија само треба да ни претставува чест, со што се сложија повеќето присутни. Б. Јовановски исто така го изнесе своето мислење за манифестацијата и нагласи дека било штета што претседателот на друштвото од Загреб не бил овде за таа маниф. па Г. Стојковски не соработувал со Заедницата што е за осуда. Н. Гроздановски исто така го изнесе своето незадоволство за начинот на однесувањето на Г. Стојковски и неговото самоволие на таа манифест. Помеѓу другото, тој нагласи дека Г. Стојковски не дозволил да се прочита текстот примен од директорот на Агенцијата за иселеништво од Мак. за изложбата како и за предлогот за смалување на програмата. Претседателот ја прочита програмата која требаше да се реализира во друг облик, за што исто Г. Стојковски не дозволи-прилог. Дискусијата по оваа тема беше долга, а по завршувањето сите членови се сложија со следниов **заклучок: манифестацијата и покрај сите организациски тешкотии, недоразбирања и самоволија на поединци, реализирана е успешно и општата оценка е позитивна.**

**Ад. 5.1.** Членовите на УО водеа дискусија за реализирање на наредната култ. манифестација на ниво на Заедницата -10 години од излегувањето на Макед. глас за што е констатирано дека од страна на Советот се предвидени средства во висина од 10.000 куни, а по пат на донација (оглас во М. глас) примени се 2.000 кн. Претседателот и Р. Димовски истакнаа дека и од членови на нивните друштва постои интерес за донација исто со оглас во списанието и дека и тоа треба да се реализира како би добиле уште некои средства.

Главниот уредник на списанието, Б. Јовановски истакна дека во врска со таа манифестација од порано е одлучено да се печати специјален број и дека дописниците имаа рок за прилози до 20.август, меѓутоа, нагласи тој дека сеуште нема доволен број на прилози. Исто така тој предложи тој број во целост да биде печатен во боја, во 500 примероци, на 32 страници (трошковите за печатење во тој случај би биле 11.000 кн.).Б. Јовановски ѓи изнесе сите останати предлози за темите кои би биле застапени во тој број и се друго во врска со таа манифестација -прилог. Во дискусијата се вклучија сите членови на УО и после тоа **ѓи донесоа следниве заклучоци:**

- во целост се прифаќаат предлозите на Б. Јовановски за таа манифестација,
-Мак. глас бр. 35 да се отпечати до 05.10.2003.,
-Специјалниот број да биде печатен до 15.11.2003.,
-манифестацијата да се одржи во сабота 15. 11.2003.,
-просторија за одржување на маниф. да побарат Н. Гроздановски и А. Оџаклиески.,
-за признанија - по договор на Н. Гроздановски и Б. Јовановски.,

- во организациониот одбор освен лицата према пописот од пријавата на програмата, да бидат Н. Гроздановски и А. Оџаклиески,
- координатори за целата манифестација да бидат Н. Гроздановски и Б. Јовановски,
- трошковите за печатење на спец. број по предлогот на Б. Јовановски,
- " за хонорар на дописниците - да се причека,
- патните трош. за дописниците кои би присуствовале на маниф. да ги платат друштвата.,
- трошковите за домјенак да се платат преку донатори.

**Ад.5.2.** Претседателот ги информира присутните дека од Уредот е примен допис за предлог на програма за настап на VI -тата манифестација: Културно стваралаштво на нац. малцинства во РХ која ќе се одржи на 02.11.2003. во Лисински. Во Врска со тоа се консултирани сите друштва и пријавен е програм за заеднички настап на друш. од Загреб, Осиек и Пула. Констатирано е дека за тој настап не се предвидени средства. Во дискусија се вклучија останатите членови на УО и после тоа се **донесени следните заклъчоци:**
- секако да се настапува на таа маниф.,
-за 7 дена да се направи финанс. конструкција за потребните средства.,
-носител на манифестац. да биде друштвото од Загреб.

**Ад.5.3.** Претседателот ги прочита пристигнатите понуди за печатење на кнјигата: Калинка од Р. Димовски, планирана во оваа година после што членовите се вклучија во дискусија. Р. Димовски дополнително ги информира членовите за поединостите околу тоа. По завршената дискусија членовите на УО со јавно гласање **донесоа едногласна одлука: да се склопи договор со Tiskara Nova** и во тој случај печатењето на книгата би било во износ од 9.830,00 кн (без ПДВ), одно. 11.995,00 кн со ПДВ.

**Ад.2.** По оваа точка на дневниот ред претседателот најпрво истакна дека би сакал се да биде помирно, поинакво и компатибилно, но како што знаете дојде до смена на претседателот на друштвото од Загреб и дека со решение од локална управа и самоуправа за претседател на МКД К. Мисирков е потврден А. Оџаклиески. На претходната седница на УО тоа е потврдено и постапено на ист начин како и према другите друштва - новоизбраните претседатели на друштвата потврдени со решение аутоматски се понатамошни членови на УО на Заедницата. Во овој случај по аутоматизам е престанато членството во УО на Заедницата на И. Качуров (од порано на ист начин и за претседателите на друш. од Сплит и од Задар). Бидејќи во овој случај се работи и за следното: И. Качуров е потпредседател на Заедницата именуван од Собранието и со тоа потписник и на финансиската документација, заради настанатата ситуација, а и заради понатамошните работи на Заедницата до наредното Собрание, потребно е да се донесат одлуки за решавање на таа ситуација. На прашањето на претседателот дали И. Качуров се жалел на донесеното решение од лок. управа и самоуправа, И. Качуров одговори дека не се жалел.
И. Качуров понатаму во своето излагање зборуваше за своето работење и за сето тоа што се настанало за неговото сменување од фукнијата претседател на друштвото. Присутните го замолија да тоа што било во друштво да се реши во самото друштво, а на овој состанок да се раправа по темата која се однесува на неговиот статус во Заедницата. По своето излагање И. Качуров изрази желба да го напушти состанокот, но на замолба на присутните да присуствува и понатаму бидејќи се работи за донесување на одлуки во врска со него, тој остана и седницата

продолжи со работата. И претседателот и Б. Јовановски нагласија дека УО на Заедницата од порано има завземен став да не се меша во работата на друштвата туку друштвата треба со своите Управни и Надзорни одбори тие прашања треба да ги решат во своите друштва. А. Оџаклиески во својата дискусија ги извести присутните за сето тоа што настанало во друштвото и дека главниот проблем се однесува на извештајот што требало да го даде И. Качуров, а не го дал, нити дошол кога било договорено да се направи примопредаја. Понатаму, истакна тој дека без оглед на се, тој не сака да излегува надвор од друштвото за сето тоа и пред присутните го повика И. Качуров да дојде со сите документи и податоци и да се реши се. Претседателот го поздрави предлогот на А. Оџаклиески и со пристанок на И. Качуров договорено е - И. Качуров да присуствува на состанокот на УО на друштвото во среда 01.09.2003 и за извршеното со допис го известат УО на Заедницата. Понатаму, претседателот нагласи дека друго прашање е објавениот текст во Фокус што сите не погоди и тоа го осудуваме. Во понатамошната дискусија која беше многу тешка учествуваа сите присутни и по разгледувањето на целата ситуација, членовите на УО со јавно гласање **донесоа одлука ( со 5 гласа-за и 2 гласа-создржани): се суспендира И. Качуров од функцијата потпредседател на Заедницата и неговото право на потпис од денешниот ден (15.09.2003.). И. Качуров должен е да ги врати клучевите и мобилниот телефон во Заедницата на ден 29.09.2003. год.** После спроведената дискусија, членовите на УО со јавно гласање **донесоа едногласна одлука: се овластуваат Нилола Гроздановски, секретар на Заедницата и Анастас Оџаклиески, претседател на МКД К. Мисирков -Загреб, за сопотписници во финансиското работење на Заедницата од денешниот ден (15.09.2003.).**

**Ад.6.** По оваа точка на дневниот ред се поведе расправа за просторот на Заедницата и нагласено е дека овој простор по договор од 1995 година помеѓу претставник на Порцулан и Заедницата е доделен на чување на Заедницата со пописот на имовината во просториите. Овој простор последниве години заеднички го користат Заедницата, МКД.К. Мисирков -Загреб и МПЦО Св. Злата Мегленска -Загреб и констатирано е дека сите треба да се однесуваат домакински. Претседателот истакна дека од порано е размислувано да се договори конкретно дефинирање на просторот за користење помеѓу Заедницата и друштвото, но за сето тоа, присутните оставија да се договори друг пат. И. Качуров побара да се види каде се наоѓа една елипсастата маса што тој ја донел, а потоа В. Јовески ја однел. А. Оџаклиески информира дека еден член од друштвото од Загреб ќе направи преглед на греењето пред тоа да се вклучи.

Седницата заврши во 16,00 часот.

ПС.

Пред почетокот на седницата на членовите на УО им е поделен следниов материјал:
-допис од Советот за пристигнатите средства за 08/2003.
- фотокопија на материјалот од НН бр. 111/03- од Советот: Metodologija praćenja ostvarivanja programa nevladinih udruga i ustanova nac. manjina, Kriterije za utvrđivanje financijske pomoći za programe nevladinih udr. i ustanova nac. manjina i Odluka o rasporedu sredstava osiguranih u državnom proračunu RH za 2003. godinu etničke i nac. zajednice i manjine.

Записничарка: Претседател:

Анка Рабузин Илија Христодулов